# ПРИМЕНАТА НА ГЕОМЕТРИСКИТЕ ТЕЛА

*Адријана Тодорова*
*ООУ„Петар Мусев“, Богданци*
e-mail: todorovaadrijana@hotmail.com

За изучувањето на геометриските тела и нивната примена ќе презентирам три изработени проекти со учениците „Слатка математика“, „Млади архитекти и ѕидари“ и „Геометрико и геометрика“.

Во првиот проект, „Слатка математика“, учениците изработуваат калапи во форма на геометриски тела за правење на слатки, прават слатки, а потоа создаваат мини збирка од задачи за геометриски тела според нивните добиени резултати.

Во вториот проект, „Млади архитекти и ѕидари“, учениците добиваат задача да направат куќи со дадени основи, а притоа да си направат и такви тули што ќе им одговараат. Учениците цртаат и прават пресметки во Геогебра, а потоа изработуваат.

Во третиот проект, „Геометрико и геометрика“, прават „човечиња“ од геометриски фигури и геометриски тела.

Овие три проекти ги соединив во интерактивен час изработен во OfficeMix, за кој на натпреварот на Microsoft добив втора награда.